**20211221977**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за здравствената заштита,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 1 јуни 2021 година.

Бр. 08-2634/1
1 јуни 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Во Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/19, 153/19, 180/19, 275/19 и 77/21), во член 65 став (2) по алинејата 4 се додава нова алинеја 5, која гласи:

„- не постапува и не се придржува на мерките од членот 281-в ставови (1) и (2) од овој закон, во услови на кризна состојба прогласена заради заштита на јавното здравје и прогласена епидемија или пандемија на заразна болест,".

Член 2

По членот 281-б се додава нов наслов и нов член 281-в, кои гласат:

„Начин на вршење на здравствена дејност од страна на приватните здравствени установи во услови на утврдено постоење на кризна состојба заради заштита на јавното здравје и прогласена епидемија или пандемија на заразна болест

Член 281-в

(1) При утврдено постоење на кризна состојба заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија од заразната болест прогласена од Светската здравствена организација и заради спречување од нејзиното ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението и прогласена епидемија или пандемија на заразна болест, приватните здравствени установи кои согласно со членот 281-а став (1) од овој закон учествуваат во спречување и сузбивање на заразни болести:

1. спроведуваат здравствен третман на пациентите болни од заразната болест, што опфаќа вршење на специјалистичко-консултативна и болничка здравствена дејност поврзана со дијагностицирање, односно правење на сите соодветни дијагностички тестови заради добивање на податоци за здравствената состојба на пациентот, вклучително и здравствени услуги за детекција на заразна болест (со PCR метода на земен материјал назофарингеален и орофарингеален брис и бронхоалвеоларен лават, во микробиолошка лабораторија или со примена на друга метода одобрена од Министерството за здравство), лекување и следење како посебни задачи кои во редовни услови не се нивна дејност, по цена согласно со ставот (2) на овој член;

2. ги даваат на користење своите ресурси (простор, опрема и кадар) без наплаќање на надоместок за нивното користење, доколку во јавните здравствени установи се исполнети капацитети за лекување на заболени лица од заразни болести и во случај на недостиг на здравствени работници, здравствени соработници и други вработени лица во јавните здравствени установи;

3. лицата примени во приватната здравствена установа кога во текот на укажувањето на здравствените услуги за дијагностицирање, лекување, третман, нега и рехабилитација во установата е утврдено присуство на организмот на причинител на заразно заболување за кој е прогласена пандемија или епидемија, продолжуваат да ги лекуваат по цена согласно со ставот (2) на овој член;

4. не вработуваат здравствени работници, здравствени соработници и помошно-технички персонал кои до денот на прогласување на пандемијата или епидемијата биле вработени во јавните здравствени установи, за да не се наруши редовното работење на јавните здравствени установи;

5. на пациентите болни од заразната болест кои здравствените услуги ги плаќаат со лични средства, здравствените услуги за здравствен третман на заразната болест ги даваат по цена согласно со ставот (2) на овој член.

6. на лицата кои здравствените услуги за детекција на заразна болест (со PCR метода на земен материјал назофарингеален и орофарингеален брис и бронхоалвеоларен лават, во микробиолошка лабораторија или со примена на друга метода одобрена од Министерството за здравство), ги плаќаат со лични средства, овие здравствени услуги ги даваат по цена согласно со ставот (2) на овој член.

(2) За здравствениот третман на пациентите болни од заразната болест од ставот (1) точки 1., 3. 5. и 6. на овој член, Владата определува највисоки цени на здравствените услуги во висина на референтните цени утврдени од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија заради овозможување услугите да бидат подеднакво економски достапни за сите граѓани и за заштита на јавното здравје и на економските интереси на сите граѓани.

(3) За времетраењето на мерките од ставовите (1) и (2) на овој член одлучува Владата, а може да траат најдолго до завршувањето на кризната состојба прогласена заради заштита на јавното здравје и прогласена епидемија или пандемија на заразна болест.

(4) Приватите здравствени установи од ставот (1) на овој член се должни да постапуваат и да се придржуваат на мерките од ставовите (1) и (2) на овој член.“.

Член 3

Во членот 312 по ставот (31) се додаваат два нови става (32) и (33), кои гласат:

„(32) Глоба во износ од 28.000 до 30.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на приватна здравствена установа ако не постапува согласно со членот 281-в став (1) од овој закон и не се придржува на мерката од членот 281-в став (2) од овој закон.

(33) Глоба во износ од 1.500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на одговорното лице во приватна здравствена установа ако не постапува согласно со членот 281-в став (1) од овој закон и не се придржува на мерката од членот 281-в став (2) од овој закон.".

Член 4

Подзаконските акти чие донесување е утврдено со овој закон ќе се донесат најдоцна во рок од седум дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".